Врз основа на член 19 став (1) точка 19) од Законот за ревизија (Службен весник на РМ, број 158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15, 192/15, 23/16 и 83/18 година), а во врска со член 25 став (7) точка 10) од Статутот на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија (ИОРРМ), Управниот одбор на ИОРРМ на седницата одржана на 24.12.2020 година ја донесе следната

# ГОДИШНА ПРОГРАМА

## за работа на ИОРРМ за 2021 година

1. Годишната програма за работа на ИОРРМ за 2021 година, се изработува врз основа на надлежностите на ИОРРМ уредени со Законот за ревизија (Службен весник на РМ, број 158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15, 192/15, 23/16 и 83/18 година) и Статутот на ИОРРМ.
2. Во текот на 2021 година, ИОРРМ ќе ги спроведе следните активности:

| **Активност** | | **Рок за спроведување** |
|---|---|---|
| 1. | Водење на Регистар на ревизори, Регистар на овластени ревизори, Регистар на друштва за ревизија, Регистар на овластени ревизори – трговци поединци и Регистар на трајно одземени лиценци. | Годишна активност (01.01-31.12.2021) |
| 2. | Изготвување и усвојување на Финансиски план на ИОРРМ за 2021 година. | Прво тримесечје на 2021 година |
| 3. | Изготвување и усвојување на Годишен извештај за работа на ИОРРМ за 2020 година. | Прво тримесечје на 2021 година |
| 4. | Изготвување на Програма за Континуирано професионално усовршување на овластените ревизори за 2021 година, во согласност со најновите достигнувања во професијата. | Прво тримесечје на 2021 година |
| 5. | Организирање и спроведување на континуирано професионално усовршување. | Годишна активност (01.01-31.12.2021) |
| 6. | Организирање и спроведување на практични семинари/работилници од областа на ревизија и сметководство. | Годишна активност (01.01-31.12.2021) |

*На 27.01.2021 година, СУНРРСМ даде согласност на Годишната програма за работа на ИОРРМ за 2021 година*

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Прилагодување на ревизорската алатка (PACK PE). | Второ тримесечје на 2021 година |
| 8. | Давање упатства за изготвување на ревизорска документација, по потреба. | Годишна активност (01.01-31.12.2021) |
| 9. | Организирање и спроведување на испит за стекнување на звањето ревизор. | Годишна активност (01.01-31.12.2021) |
| 10. | Донесување на тригодишна и годишна програма на Комисијата за контрола на квалитетот. | Прво тримесечје на 2021 година |
| 11. | Спроведување контрола на квалитетот над членовите на Институтот. | Годишна активност (01.01-31.12.2021) |
| 12. | Објавување во 'Службен весник на РСМ' на Меѓународните стандарди за ревизија (МСР), Меѓународните стандарди за контрола на квалитет и други релевантни објави на IFAC. | Прво тримесечје на 2021 година |
| 13. | Преведување и објавување во 'Службен весник на РМ' на Кодексот на етика за професионални сметководители на IFAC. | Четврто тримесечје на 2021 година |
| 14. | Следење на примената на Меѓународните стандарди за ревизија (МСР), Меѓународните стандарди за контрола на квалитет и Кодексот на етика за професионални сметководители на IFAC кај друштвата за ревизија и кај овластените ревизори – трговци поединци. | Годишна активност (01.01-31.12.2021) |
| 15. | Промовирање на МСР и Кодексот на етика за професионални сметководители на IFAC. | Годишна активност (01.01-31.12.2021) |
| 16. | Спроведување на дисциплински постапки и изрекување мерки на членовите поради повреда на МСР, Кодексот на етика за професионални сметководители на IFAC и актите на ИОРРМ. | Годишна активност (01.01-31.12.2021) |
| 17. | Издавање на Билтен на ИОРРМ. | Годишна активност (01.01-31.12.2021) |
| 18. | Соработка со регулаторни тела и институции во земјата. | Годишна активност (01.01-31.12.2021) |

| | | |
|---|---|---|
| 19. | Соработка со професионални организации на сметководители и ревизори и други професионални организации, во земјата и во странство. | Годишна активност (01.01-31.12.2021) |
| 20. | Изготвување и усвојување на Годишна програма за работа на ИОРРМ за 2022 година. | Четврто тримесечје на 2021 година |

4. Оваа Годишна програма за работа на ИОРРМ за 2021 година стапува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се применува по добивање на согласност од страна на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија.

**Драган Димитров**
**Претседател на ИОРРМ**

*На 27.01.2021 година, СУНРРСМ даде согласност на Годишната програма за работа на ИОРРМ за 2021 година*